Совет на Општина Делчево
Број 09-2324/2
29.11.2023 година
Делчево

ЗАПИСНИК
Од 29.седница на Советот
На Општина Делчево

Седницата се одржа на 29.11.2023 година во Мултимедијалниот центар со почеток во 10:20 часот.

На седницата присуствуваа сите 15 членови на Советот.

Немаше отсутни.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Гоце Попов, претседател на Советот.

За 29.седница на Советот, претседателот го предложи следниот

Дневен ред

1. Предлог-План на програмата за развој на Општина Делчево за 2024 година;
**Образлагач**:Звонко Атанасов-Раководител на Сектор за урбанизам.

2. Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за периодот 01.01.2023-30.09.2023 со Заклучок за усвојување;
**Образлагач:** Ана Ситновска Димитровска-Советник одговорен сметководител.

3. Деветмесечен извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница"-Делчево за период 01.01.2023-30.09.2023 со Заклучок за усвојување;
**Образлагач:** Марија Сумрачка-Книговодител на ЈКП „Брегалница„-Делчево.

4. Предлог-Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Брегалница"-Делчево за период (декември 2023-2024);

5. Предлог-Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП „Брегалница"-Делчево за период (декември 2023-2024);

6.Предлог-Одлука за давање согласност на Одлуката за задолжување кај деловните комерцијални банки со одобрен износ на дозволено пречекорување во висина од 2.000.000, 00 денари:

7.Измена на Годишен план за вработување на ЈКП „Брегалница"-Делчево за 2023 година со Заклучок за усвојување;
**Образлагач**: По точките 4,5,6 и 7- Стојче Стојковски-Директор на ЈКП „Брегалница"-Делчево

8. Предлог-Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2023 година;
**Образлагач**: Горан Петровски-Советник за урбанизам и енергетска ефикасност.

9. Предлог-Одлука за определување на заштитни зони, заштитни мерки и други услови за водите наменети за консумирање од страна на човекот околу експлоатациони бунари на локација во Делчево;

10.Предлог-Одлука за определување на заштитни зони, заштитни мерки и други услови за водите наменети за консумирање од страна на човекот за акумулација „Лошана";

11. Предлог-Одлука за определување на заштитни зони, заштитни мерки и други услови за водите наменети за консумирање од страна на човекот околу експлоатациони бунари на локација во с. Тработивиште;

**Образлагач:** Татјана Стојковска- Виш соработник за заштита на животната средина и комунална инфраструктура.

12. Предлог-Одлука за формирање на Совет за соцојална заштита на Општина Делчево;

**Образлагач:** Сузана Петровска-Советник за инфомативен систем и вработување и човечки ресурси.

13.Предлог-Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година;

**Образлагач**: Ана Ситновска Димитровска-Одговорен сметководител

14.Прашања и предлози на членови на Совет.

Претседателот отвори расправа по предложениот дневен ред.

За збор се јави Марио Скакарски-претседател на Комисијата за комунални работи и сообраќај кој рече дека во врска со овие точки имало и седница на Комисијата и од името на советничката група на СДСМ и коалицијата бара повлекување на точките 4 и 5, односна на точка:

4. Предлог-Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Брегалница"-Делчево за период (декември 2023-2024) и точка 5. Предлог-Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП „Брегалница"-Делчево за период (декември 2023-2024);

Овој предлог е со цел на советниците да им се остави повеќе време за анализа на овие две точки.

Иван Гоцевски рече дека и тие како советничка група бараат да се симнат од дневен ред овие две точки. Тие го бараат ова бидејќи ова е најава за институционален грабеж на граѓаните кои не добиваат квалитетни услуги од ова јавно комунално претпријатие кое постојано ги покачува цените на услугите.

Претседателот на Советот за кратко го прекина координаторот на Советничката група на ВМРО ДПМНЕ и рече дека тој го повторува предлогот на советникот Марио Скакарски кој веќе предложил од името на СДСМ и коалицијата да се симнат од дневен ред тие две точки.

Иван Гоцевски рече дека треба да се доискаже до крај бидејќи покрај барањето на симнување на тие две точки, тој има и барање за дополнување на дневниот ред.

Претседателот на Советот рече дека тој досега зборел само за предлогот на симнување на тие две точки и го замоли советникот доколку има предлог за дополнување на дневниот ред да се задржи на предлогот за дополнување на дневниот ред.

Иван Гоцевски рече дека претседателот го крши Деловникот со тоа што го прекинал во неговото излагање и истакна дека и тие имаат право да побараат симнување на овие две точки. Точно дека предлогот го дал Марио Скакарски претходно, но причините за симнувањње од дневен ред на тие две точки се разликуваат. СДСМ и коалицијата бараат повеќе време за разгледување, а ние како советничка група имаме други причини и став поради кои бараме да се симнат од дневен ред тие две точки.

Претседателот на Советот рече дека не го крши Деловникот и дека секој советник има право да дава предлози и да го искаже своето мислење, ама нема потреба од повторување на еден предлог кој веќе е даден претходно од друг член на Советот, можеби причините се различни, но целта е иста, а тоа е да се тргнат од дневен ред тие две точки, рече тој.

Иван Гоцевски рече дека сака да се доискаже до крај без да биде прекинуван од страна на претседателот и истакна дека голем дел од граѓаните на општина Делчево веќе подолг период се соочуваат со недостаток на вода за пиење, чести дефекти и неквалитетна вода, односно не добиваат квалитетни услуги од страна на ЈКП „Брегалница" и затоа тие сметаат дека овие две точки треба да се симнат од дневен ред и никогаш повеќе да не бидат ставани на дневен ред на седница на Совет. Што се однесува д дополнувањето на дневниот ред тој рече дека бараат дневниот ред да се допони со следните точки:

*15.Дополнување на Листата за определување на имиња на улици , плоштади , мостови и на други инфраструктурни објекти; Имено, во оваа Листа, делот* ***Улици*** *да се дополни со улица „Македонски бранители".*

*16.Предлог-Одлука за промена на име на улица. Имено, улицата „Светозар Марковиќ" да се замени со името „Македонски бранители".*

Тони Стаменковски рече дека  се согласува со ставот  на СДС и ВМРО да се симнат двете точки од дневен ред.

Процедурално реагираше Иван Гоцевски. Неговата процедурална забелешка се однесување на тоа пто советникт од политичката партија Левица, нивната партија ја нарече ВМРО, а не ВМРО ДПМНЕ.

Советникот од Левица, Тони Стаменковски се коригираше во своето излагање го повтори ставот дека се согласува со ставовоте на СДСМ и ВМРО ДПМНЕ да се симнат 4 и 5 точка од дневен ред и побара симнување од дневен ред и на точките 6 и 7, односно:

*6.Предлог-Одлука за давање согласност на Одлуката за задолжување кај деловните комерцијални банки со одобрен износ на дозволено пречекорување во висина од 2.000.000, 00 денари:*

*7.Измена на Годишен план за вработување на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2023 година со Заклучок за усвојување;*

Како образложение на својот предлог тој рече дека Доставениот План за вработување е спротивен на Законот и каталогот на работни места објавен од страна на  МИОА. Имено,на страна 7 од Планот планираните работни места под број 10 и 11 не постојат во Каталогот на работни места. Според шифрите тоа се административни службеници (0102), а такви административни службеници не постојат во каталогот. Работното место под реден број 10 машински инжинер е со  шифра 0102 Б01 057, таква шифра во каталогот не постои, според шифрата тоа е административен службеник (0102) од комунални дејности КДР, а во каталогот од таа група има најмногу до шифра КДР 0102 Б01 026. Исто така, редното место под реден број 11 Лаборант за хемиска и бактериолошка анализа на вода (Лице блиско на директорот) шифра 0102 Б01 101 и таква шифра не постои во каталогот, шифрата 0102 е за административен службеник и од нивото Б01 постојат само до 0102 Б01 026.Од тие напред наведени причини барам да се симне оваа точка од дневен ред и да се спречат роднинско-партиските вработувања во ова претпријатие кое веќе практично е во стечај и поради тоа политичката партија Левица Делчево, поднела барање до надлежните инспекциски служби за да го испитаат овој случај, истана Тони Стаменковски.

Оливера Ташевска од ВМРО ДПМНЕ побара точката 7 да се симне од дневен ред од причини што во последните три месеци се прави втора измена на Годишниот план за вработуввање на ЈКП „Брегалница“ за 2023 година и на тој начин, како што истакнал директорот на седница на надлежната комисија, бараат покачување на тарифата за вода за пиење и на тарифата за одведување на урбани отпадни води бидејќи не може да се сервисираат трошоците за плати на веќе вработените во ЈКП „Брегалница„. Со тие нови вработувања уште толку ќе се влоши ситуацијата на тоа претпријатие и затоа тие бараат симнување на оваа точка.

За збор се јави и Сашко Ивановски кој побара да се симне од дневен ред точка 3. Деветмесечен извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево за период 01.01.2023-30.09.2023 од причини пшто пред две седници Советот на Општина Делчево не го усвоил Шестмесечниот извештај и според тоа оваа точка не требало ниту да биде ставена на дневен ред или можеби трбало да биде на дневен ред финансиски извештај само за 3 квартал. Тој истакна дека согласно Деловникот треба да поминат најмалку 6 месеци за да се стави некоја точка повторно на дневен ред.

Процедурално реагираше Кирил Тренчевски кој рече дека не може да бара да се симне оваа точка оти не бил усвоен Шестмесечниот извештај и советникот да прејудицира и пред време да знае дали некоја точка ќе биде усвоена или не. За конкретната точка нема се уште ни расправа, ни гласање.

Претседателот на Советот рече дека процедуралната забелешка е во ред и ја прифаќа, а Сашко Ивановски рече дека се крши Деловникот.

Претседателот на Советот побара од Сашко Ивановски да каже кој член од Деловникот е прекршен.

Сашко Ивановски рече дека во моментов не може да каже точно по кој член е прекршен Деловникот, но во текот на расправата ќе прецизира за кој член станува збор. Вториот негов предлог е да се симне и точката 6. *Предлог-Одлука за давање согласност на Одлуката за задолжување*
*кај деловните комерцијални банки со одобрен износ на дозволено пречекорување во висина од 2.000.000, 00 денари.* Тоа го бара од причини што на некоја од претходните седници тие предупредувале дека финансиската ситуација во ЈКП „Брегалница“ ќе биде влошена бидејќи доаѓаат за наплата многу средства, околу 11 милиони, за судски спорови на вработени во ова ЈКП „Брегалница“, дека ќе се јави недостиг на средства и ќе биде доведено во прашања функционирањето на ова претпријатие. Ако се направи калкулација со поскапувањето на водата и канализацијата ЈКП ќе инкасира 9 милиони денари и 2 милиони од задолжувањето, токму 11 милиони денари. Третото негово барање е да се дополни дневниот ред со Одлука за вршење на ревизија на ЈКП „Брегалница“-Делчево. Тоа го бара од причини што финансиската состојбата е лоша во ова претпријатие и многу работи не се работат како што треба. Штом со претходното поскапување на водата и канализацијата со дополнителните 7 милиони денари, не можат да работат ликвидно, јасно е дека нешто не е во ред со ова претпријатие и ние сите советници треба да најдеме заедничко решение за надминување на ваквата состојба. Конкретно барам точките 3 и 6 да се тргнат од дневен ред и истиот да се дополни со Одлука за вршење ревизија на ЈКП „Брегалница“, рече тој.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по дневниот ред беше ставена на гласање.

Прво беше ставен предлогот на Марио Скакарски-да се симнат од дневен ред точките 4 и 5.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го прифати предлогот

На гласање беше ставен предлогот на Иван Гоцевски за дополнување на дневниот ред со 2 точки и тоа:

*15.Дополнување на Листата за определување на имиња на улици , плоштади , мостови и на други инфраструктурни објекти; Имено, во оваа Листа, делот* ***<u>Улици</u>*** *да се дополни со улица „Македонски бранители“.*

*16.Предлог-Одлука за промена на име на улица. Имено, улицата „Светозар Марковиќ“ да се замени со името „Македонски бранители“.*

Со 7 гласа „ЗА“ и 8 „ПРОТИВ“, предлогот не беше прифатен.

На гласање беше ставен предлогот на Тони Стаменковски да се тргнат од дневен ред толките 6 и 7: *6.Предлог-Одлука за давање согласност на Одлуката за задолжување кај деловните комерцијални банки со одобрен износ на дозволено пречекорување во висина од 2.000.000, 00 денари:*

*7.Измена на Годишен план за вработување на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2023 година со Заклучок за усвојување;*

Со 7 гласа „ЗА“ и 8 „ПРОТИВ“, предлогот не беше прифатен.

На гласање беше ставен предлогот на Оливера Ташевска за симнување од дневен ред на точка 7. *Измена на Годишен план за вработување на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2023 година со Заклучок за усвојување;*

Со 7 гласа „ЗА“ и 8 „ПРОТИВ“, предлогот не беше прифатен.

На гласање беа ставени и предлозите на Сашко Ивановски за симнување од дневен ред.

За симнување од дневен ред на точка 3 гласаа 7 советници, а против беа 8 советници.

За симнување од дневен ред на точка 6 гласаа 7 советници, а против беа 8 советници.

На гласање беше ставен и предлогот за дополнување на дневниот ред со точка-Одлука за равизија на ЈКП „Брегалница“-Делчево.

Со 7 гласа „ЗА“ и 8 „ПРОТИВ“, овој предлог не беше прифатен.

На гласање беше ставен дневниот ред со прифатениот предлог на Марио Скакарски за симнување на точка 4 и точка 5.

Истиот беше усвоен со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ВОЗДРЖАНИ“

Прва точка- Предлог-План на програмата за развој на Општина Делчево за 2024 година;

Образлагач по оваа точка беше Звонко Атанасов-Раководител на Сектор за урбанизам кој истакна дека овој Предлог-план на пргограмата за развој е дел од идниот Буџет на Општина Делчево за 2024, а се однесува на изградба на детската градинка во населбата Стар Расадник. Имено тоа значи проширување на капацитетите за згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст со вкупна вредност од 60.285.567 денари, од кои донација 48.059.641,00 денари и наше учество од 12.225.926 денари. Со завршувањето/реализацијата на овој проект се очечуваат нови вработувања, како и решавање на проблемот со околу 100 дечиња кои се на Листа на чекање поради немање доволно место во постојните објекти на градинката. Доколку имате прашања, повелете, рече тој.

Претседателот отвори расправа по оваа точка, за збор се јави Иван Гоцевски кој рече дека има едно прашање до образлагачот на овој Предлог-план на Програма за развој. Имено, тој со себе го имаше Договорот склучен помеѓу Општина Делчево и Министерството за транспорт и врски кој е јавно објавен на страната на МТСП и Бирото за јавни набавки, како и апликацијата за проектот. Имено, тој рече дека ако добро се разгледаат апликацијата и Договорот склучен помеѓу Министерството за транспорт и врски и Општина Делчево, ќе се види дека има многу разидувања/несопвпаѓања, односно има работи од апликацијата кои се испушетени во Договорот (партерно уредување). Неговото прашање е дали образлагачот ја има таа информација, дали е тоа точно и ако е точно кој ќе ја сноси одговорноста за тоа?

Звонко Атанасов рече дека во сите контакти, консултации и комуникација со претставници на Министерството за транспорт и врски и по нивни насоки и сугестии било тргнато партерното уредување,опремата и пристапниот пат бидејќи средствата биле лимитирани.

Иван Гоцевски праша дали таа комуникација се одвивала писмено или усно односно дали имате писмен документ за таа работа за да знаеме ние советниците за што гласаме, рече тој.

Звонко Атанасов рече дека не знае дали има некој допис за тоа и затоа не може да дискутира, што се однесува до начинот на комуникација со министерството, тој рече дека секогаш кога се подготвуваат апликации, начинот на комуникација е на ист начин, така е и во овој случај рече тој, се слушаме преку телефон и ги прифаќаме нивните сугестии со цел да ги добиеме средствата за кои аплицираме бидејќи нивните средфства се лимитирани и ние мора да се вклопиме во таа рамка.

Иван Гоцевски праша дали во догледно време сепак Општина Делчево ќе ги реализира и тие работи од сопствени средства и дали е тоа пропуст на Министерството за труд и социјална политика и Општина Делчево?

Звонко Атанасов рече дека тоа не го смета за пропуст и не мора да значи дека Општината тоа ќе треба да го реализира со сопствени средства, може да се аплицира кај друг донатор бидејќи за истиот проект преку МТСП не може да се аплицира, ќе се бара друг донатор, а Општината е во можност и сама да ги финансира, рече тој.

Дејан Георгиевски го праша образлагачот дали тоа значи дека ако не биле прифатени тие отстапки или сугестии за отстранување на некои работи од апликацијата,дека можеби Општина Делчево немало да ги добие тие 48 милиони денари од МТСП за изградба на градинката?

Звонко Атанасов рече дека тоа значи токму тоа, дека немало да бидат одобрени тие 48 милиони денари.

Иван Гоцевски праша дали по реализацијата на проектот (по изградбата) градинката ќе може да си ја врши својатадејност и колку средства се потребни за дореализација на истиот бидејќи градоначалникот веќе се фали со овој објект и се слика со своите соработници, а тоа е всушност доизградба на детска градинка, кои друри и кога целосно ќе се изгради нема да биде целосен, (партерно уредување, пристапен пат, опрема, ограда и сл.).

Кирил Тренчевски рече дека дополнителните средства кои се потребни за целосно завршување на новата детска градинка, значи, а не мора да бидат од општината, може да се бараат од други донатори.

Претседателот ана Советот рече дека има една препорака до И.Гоцевски акко координатор на советничка група и претседартел на политичка партија, а тоа е да ги потценува граѓаните толку, сепак граѓаните знаат што е нов, а што не е нов објект, знаат што е нов затворен градски пазар, капела, нов мост и слично.Одобрени се средства од МТСП, како и од Општина Делчево за таа намена и нова градинка ќе има, тоа е заеднички успех

Иван Гоцевски рече дека неговата функција е политичка функција и претседателот не треба да го прекинува во неговото излагање, а тоа се случува многу често.

Звонко Атанасов рече дека овој случај е ист како претходниот проект-Градскиот пазар (кој бил развојна програма за 2022 и 2023), и за него не биле предвидени паркинг-просторот и пристапните патишта, па целосно е завршен објектот.

Процедурално реагираше Иван Гоцевски кој рече дека проблемот е во тоа што Советот не ги одржува комисиите формирани од советот, каде ќе може да се постават сите прашања што ги имаат советниците и затоа после се јавува проблем на седниците, па се упаѓа во збор на советниците, па се обвинуваат дека не дискутираат по дневниот ред. Бидејќи не се одржуваат седници на комисиите, а тие имаат многу прашања, мораат да ги постават сите тие прашања што ги имаат пред да дојде чинот на гласање.

Претседателот на Советот рече дека за седниците на и советникот е апсолутно во право и нема потреба од нервоза и дека неговата препорака била добронамерна, рече тој

Дејан Георгиевски рече дека во материјалите пишува дека датум на започнување на имплементација на проектот е 29.09.2023. За да почне проектот со имплементација Советот веќе има донесено одлука за приоритетен проект-детска градинка и дека не може да сфати зошто има несогласувања и препукувања. Тој го праша координаторот на советничката група на ВМРО ДПМНЕ дали општина Делчево требало да се откаже од тие 48 милиони денари само заради партерното и хортикултурното уредување и оградата, значи не е добро што ќе се изгради капитален проект детска градинка, се грижиме за трошоцита на општина Делчево за довршување на проектот, дали да се гради градинката или не заради дополнитените трошоци?

Иван Гоцевски рече дека подобро би било Дејан Георгиевски да ги свикува седниците на надлежната комисија на Советот како претседател на комисија и му препорача да не се нервира. Тој го праша Д.Георгиевски дали градинката е впланира со ГУП и ДУП и дали има сознанија дека паркингот којшто луѓето си го користеле претходно е откупен од самите луѓепред повеќе од 30 години.

Претседателот на Советот рече дека ова прашање е подобро да го одговори раководителот на Секторот за урбанизам и образлагач на точката кој е во тек со овие прашања, дека објектот има добиено одобрение за градба, со претходна измена на ДУП. Воопшто не треба ни да се помисли дека некој би се дрзнал да гради без одобрение објект од вакво значење или пак, со градењето на овој објект да им се направи некаков проблем на граѓаните коишто живеат во близина на објектот, рече тој.

Звонко Атанасов рече дека самата урбанизација на тој простор е помината на седница на Совет, исто така и пред Министерството за транспорт и врски ги има поминато сите филтри, така што во тој дел нема простор за никаков сомнеж.

Иван Гоцевски предложи во населбата Стар Расадник одредување на локација и изградба на паркинг простор во населба во близина на детската градинка ( која е во градба),како и одредување на локација и изградба на детско игралиште во населба Расадник и спроведување на анкета за јавното мислење на граѓаните.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на **Планот на Програмата за развој на Општина Делчево за 2024 година.**

**Втора точка- Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за периодот 01.01.2023-30.09.2023 со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по оваа точка беше Ана Ситновска Димитровска-Советник одговорен сметководител која рече дека извршувањето на приходите во буџетот на Општина Делчево за третиот квартал односно за периодот до 30.09.2023 година изнесува 74,72%, односно од вкупно планираните 318.298.293 денари реализирани се 237.832.435 денари. Процентот на реализација на тековно оперативните приходи е 75,40%, додека на капиталните приходи е 44%. Приходите во основниот буџет се планирани во износ од 102,094,000 денари а релизирани се 79,7% односно 81.392.494 денари. Во буџетот на наменска дотација од планирани 199.375.580 денари приходи , реализирани се 145.844.753 денари однсоно 73,15% . Во буџетот на самофинансирачки активности реализацијата на приходите е 42% додека кај буџетот на донации истата е 129%.
Од анализата на тековно оперативниот биланс се гледа дека најголема е реализацијата кај група **71-даночни приходи од 83%,** односно од планирани 47.468.000 реализирани се 39.384.552 денари. Најголема е реализацијата кај данок од доход, од добивка и од капитални добивни и кај даноците на специфични услуги. Наплатата на даноците на имот заклучно со третиот квартал е 40%, додека на даноците на специфични услуга тој процент е 126 и се должи на зголемените приливи по основ на надоместок за уредување на градежно земјиште.
**Група 72-Неданочните приходи** во буџетот се со процент на реализација од 68%, односно од планирани 9.850.000 денари реализирани се 6.673.563 денари. Овде влегуваат приходите од глоби судски и административни такси со реализација 51%, административни такси и надоместоци со 69%, и други неданочни приходи со реализација од 70%.
**Во групата 74- Трансфери од други нивоа на власт,** реализацијата е 74% односно од планирани 254.080.293 реализирани се 188.744.286 денари, и овде спаѓаат трансферите од други нивоа на власт, дотации на општината од приходи од ДДВ, наменските и блок дотациите.
Кај **група 73-Капиталните приходи** заклучно со 30.09.2023 година се наплатени во износ од 3.030.034 денари, односно 44%. Во оваа група влегуваат приходите од продажба на градежно земјиште, од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата, понатаму надоместоци за концесии за експлоатација на минерални суровини и надоместоци за легализација .
Вкупните расходи во целиот буџет се планирани во износ од 318.298.293 денари. Од нив се реализирани 224.540.059 денари или 70,54%. Додека пак во основниот буџет од планирани 102.094.000 денари за расходи, реализирани се 78.395.796 денари или 77%. Ако направиме подетална анализа по расходни групи ќе видиме дека:
**На група 40-Плати, наемнини и надоместоци** за вработените-реализирани се 152.472.499 денари од вкупно планирани 203.945.290 денари или 75%., овде влегуваат платите, придонесите од плати и други надоместоци .
Реализацијата на група **41-Резерви и недефинирани расходи** е 100%, овде влегува помошта на Општина Делчево за настраданите во земјотресите во Турција и Сирија.
Реализацијата во **група 42-патни и дневни расходи** е 55%, односно од предвидени 56.528.870 денари потрошени се 31.077.438 денари, овде влегуваат расходите за патни и дневни расходи, комунални услуги, материјали и ситен инвентар,одржување, договорни услуги и други тековни расходи.
**Во група 45- камати**, може да зебележите дека од првично планираните 80.000 денари за камата за отплата на кредити, заклучно со 30.09.2023 по тој основ имаме исплатено 597.000 денари, тоа се должи на енормното зголемување на каматата за исплата на кредитот за доградба на детската градинка и за реконструкција на улици МСИП 2. Само за потсетување, Со пренамената од 30.08.2023 година се додадени 517.000 денари за конто камати.
**Кај група 46-Субвенции и трансфери,** реализацијата е 52% односно од предвидени 4.643.713 денари потрошени се 2.418.950 денари, овде влегуваат трансферите до невладини, спортски клубови, здруженија на граѓани и фондации, стипендии, плаќање по судски решенија и др. решенија.
Реализацијата кај група **47-Социјални бенефиции е** 85%, односно од планирани 880.000 денари заклучно со 30.09.2023 потрошени се 748.772 денари.Овде влегуваат исплатите по основ на еднократна парична помош и помош за новороденчиња.

Стопостотна реализација имаме кај група **49 отплата на главница,** тоа се обврски по основ на ануитети за земени кредити за доградба на градинката и за реконструкција на улици.
Капиталните расходи на ниво на буџет се со реализација од 68%, додека на ниво на основен буџет реализацијата е 81 %, односно од планирани 38.227.000 денари во основниот буџет реализирани се 30.820.668 денари. Во оваа расходна група влегуваат купување на опрема и машини, проекти за патишта, изградба на улици, реконструкција на капацитети за водоснабдување, изградба на други објекти, надоместоци за експропријација.
Надоместокот за експропријација е реализиран 94% заклучно со 30.09.2023 година, односно од планирани 1.500.000 денари, реализирани се 1.414.394 денари, истакна таа и ги повика советниците, доколку имаат прашања, истите да ги постават.

Претседателот отвори расправа по оваа точка и за збор се јави Иван Гоцевски кој рече дека нивниот став како советничка група е дека зголемениот износ на ставката на плати и надоместоци во Буџетот на Општината, диктира реална потреба за зголемување на приходите во Буџетот што ќе доведе до раст на даноците врз основа од кои се финансира општина Делчево. Таа постапка не се спроведува од популистички причини и од реакцијата на граѓаните кои и така се „утепани" од високите цени. Одржувањето на ваквата статус-кво ситуација ќе овозможи дополнително намалување на расходите за капитални инвестиции во основниот буџет на општина Делчево што дополнително ќе се одрази на лошиот животен стандард за делчевчани. Тој рече дека има неколку прашања до образлагачот, во кое конто во приходи се прикажани приходите од јавното осветлување и во кое конто се прикажани расходите за улично осветлување?

Ана Ситновска Димитровска рече дека расходите за електрична енергија и улично осветлување се прикажани на конто 421110, а за приходите од улично на која ставка се, дополнително ќе достави писмен одговор до советникот.

Иван Гоцевски го прифати тоа и на двете прашања побара писмен одговор.

Претседателот на Советот, Гоце Попов имаше еден предлог до образлагачот, побара во иднина материјалите кои се однесуваат на буџет и ребаланс, кои се пообемни, ако е изводливо технички, страниците да бидат нумерирани за да може полесно да се следи дискусијата бидејќи станува збор за цифри, ставки, потставки и тешко е да се следи ако нема обележани страници.

Кирил Тренчевски имаше укажување до Иван Гоцевски во смисла ако има конкретни прашања, да ги поставува кратко и јасно без непотребни уводи и констатации.

Иван Гоцевски рече дека не го прифаќа укажувањето на координаторо на советничката група.

Оливера Ташевска праша која е причината за зголемување на ставката за привремени вработувања, односно потрошени се 1.530.714 повеќе пари од планираните 1.360.000 и тоа баш за привремени вработувања?

Ана Ситновска Димитровска рече причина е зголемувањето на минималната плата, бројот на вработените е ист, нема зголемување.

Оливера Ташевска рече дека не е во ред на ставката за привремени вработувања да има потрошено повеќе пари од планираните, а во Програмата изградба на водоснабителни системи да има потрошено нула денари кога сите знаат дека постојано има проблеми со водоснабдувањето и немањето вода во 21 век, не мора да се потрошат повеќе пари од планираните баш за тие привремени вработувања, рече таа.

Претседателот на Советот ја праша Оливера Ташевска дали тоа значи дека нејзиниот став е дека не треба да има минимална плата?

Таа праша на што се потрошени средствата од конто 48 во таа програма, бидејќи пред месец дена на таа ставка имало нула денари, а сега има потрошени средства- конкретно каде е изградено систем за водоснабдување? Исто така праша на што се потрошени парите од Програмата ЈИ-за изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води, за кое населено место?

Ана Ситновска Димитровска рече дека од тоа конто се плаќа набавката на цевки од различни профили и други материјали потребни за изградба на водоснабдителни системи. Изградба на водоснабителни системи  не подразбира само изградба на водовод некаде, за да се изгради водовод мора да има цевки и други материјали. Оваа година можеби не се изградило ама ќе се изгради наредната, ама за да се изгради мора да има материјали со кои ќе се изгради.За второто Ваше прашање- Програмата  ЈИ-за изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води, и тука станува збор за цевки но цевки за канализација или за одведување и пречистување на отпадни води, а закое населено место, во моментов не можам да Ви одговорам, може писмено, рече таа.

Претседателот на Советот рече дека насекаде низ градот се интервенира и се работи и на водовод и на канализација и тоа се гледа, секој може да види дека е така.

Иван Гоцевски рече дека од она што може да се забележи во расходниот дел, група 40 плати и надоместоци, реализирани се 26.119.645 или 11% повеќе од истиот период лани. Ако знаеме и ако се повикам на одговорот на моето советничко прашања дека општинскиот долг постојано расте и ако се земе предвид фактот дека бројот на општинската (партиската) администрација постојано расте, сакам да прашам дали образлагачот смета дека зголемувањето на ставката за плати за 11% во однос на ланската година е оправдано?

Ана Ситновска рече дека Општина Делчево е должна да постапи согласно законот, што значи дека покачувањето на платата од 10% е решено со закон и ние мора да го испочитуваме и примениме законот. Тоа покачување кое е уредено со закон сите општини мора да го реализираат, па и Општина Делчево, рече таа.

Иван Гоцевски праша дали е покачен бројот на вработени во однос на истио период лани?

А.С.Димитровска рече дека во моментот не може да го каже точниот број на вработени, но во однос на прашањето таа рече дека не е зголемен бројот, туку е намален.

Претседателот на Советот рече дека и тој има информација дека бројот на вработени е намален по основ на пензионирање, а ставката за плати и надоместоци логично е зголемена оти е зголемена минималната плата и покачувањето е само примена на законското решение.

Зекир Абдулов рече дека секоја пат кога има точка од областа на финансии, неговите дискусии се во врска со средставата предвидени и потрошени за треансфери до невладини организации. Во делот Расходи за квартал 3 на ставката 463 планирани се 1.290.000, а потрошени се 605.750, до крајот на годината остануваат 684.250,00. Ме интересира како и на кој начин се распределени тие средства, до кои невладини организации, праша тој?

Ана Ситновска Димитровска рече дека тие средства се трошат/реализираат врз основа на склучени договори со невладини организации и спортски клубови и тој износ е заклучно со 30.09.2023 година.

Зекир Абдулов рече значи според тоа што Вие го кажувате за 9 месеци се исплатени 605.750,00 денари а сега само за три месеци во кои практично невладините организации и спортските клубови немаат некакви активности ќе се исплатат останатите 684.250,00. Вие од општината на некој начин со сила ги терате невладините организации и спортските клубови да прават злоупотреба на средствата, односно го стеснувате рокот за пријавување и прибирање на документи. Секоја година ист проблем, се предвидуваат пари кои не се трошат како што треба. Овие средства планираните, не се многу ама и не се малку кога би се дале неавистина на некоја НВО која има ресурси и капацитет и која би направила некоја активност видлива и корисна за сите нас ,рече тој.

Претседателот на Советот рече дека секоја година Советот реагира за една иста работа, малку пари се предвидуваат, а уште помалку и се реализираат за НВО и спортските клубови. Тој исто така рече дека секако оти овие забелешки не се однесуваат на образлагачот на точката.

Ана Ситновска Димитровска рече дека сите плаќања се прават по налог на градоначалникот.

Сунчица Ѓорѓиевска праша зошто на приходната ставка 713 даноци на имот, реализацијата е само 8 милиони, од планираните 22 милиони денари?

Ана Ситновска Димитровска рече дека ова е заклучно со 30.09.2023 година, а сега веќе е крај на ноември. Праксата е данокот на имот да се плаќа во декември месец, а исто така влијание има и тоа што Општина Делчево работи со лимит и понекогаш за да нема поголем прилив на пари кој би бил над лимитот, понекогаш им се укажува на граѓаните да нема плаќања на данок, рече таа.

Претседателот на Советот рече дека сосема во право е советникот З.Абдулов кој и ланската година го дискутирал истото и тој се согласува со него дека е мала и сумата, а и начинот на распределбата односно на динамиката на распредлба на средствата кои се планирани за таа намена. Не може во првите 6 месеци од годината, до спортските клубови и невладините организации да има „нула“ реализација и на крајот на годината за еден месец да се очекува тие да реализираат активности за сите планирани средства. Оваа појава не е од сега и ланската година беше исто, рече тој.

Зекир Абдулов рече дека му е јасно оти овие забелешки не се однесуваат до образлагачот и дека проблемот не е до неа, јасно му е до кој е проблемот, но тој мора да го постави прашањето и забелешките до неа бидејќи таа е образлагач.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за периодот 01.01.2023-30.09.2023.

Трета точка-Деветмесечен извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево за период 01.01.2023-30.09.2023 со Заклучок за усвојување;

Образлагач по оваа точка беше Марија Сумрачка-Книговодител на ЈКП „Брегалница„-Делчево.

Овој извештај е кумулативен и се однесува на сите деловно-финансиски трансакции во претпријатието во периодот 01.01.2023 до 30.09.2023 година, односно третиот квартал од работењето на ЈКП. Валута на презентација е македонски денар, бројот на вработени во редовен работен однос до денот на балансирањето е 76 и 11 преку Агенција за привремени вработувања. Истиот е изготвен согласно Меѓународните стандарди за финансиско известување и во себе соди три партиципативни дела. Во него се презентирани Извештајот за остварени приходи/расходи за 3 квартал; Извештај за процент % на наплата со обврски на ентитетот и Извештај за паричните текови и еквиваленти. Во извештајниот период ЈКП „Брегалница“ остварила позитивен финансиски резултат од +317.059,00 денари.Вкупно остварените приходи на претпријатието изнесуваат 39.891.214 денари, кои во спредба со ланскиот трет квартал бележат пораст од 3.583.295 денари. Пораст на приходи има кај приходи од вода за пиење кај домаќинства и правни субјекти за 2.776.827 денари, приходи од канзализација за 1.505.169 денари, кај приходи од собирање на комунален отпад за 79.579 денари, кај приходи од гробна такса за 203.520 денари. Зголемување на приходите има и кај одржување на паркови и зеленило за за 335.720 денари.Од табеларниот приказ на расгходите може да се види дека вкупните расходи што ги направило претпријатието изнесуваат 39.574.155 денари, што во однос на ланската година за третиот квартал бележат тенденција на пораст за 1.938.769 денари и тоа зголемување се јавува кај синтетичките конта:

Кај синтетитика 407-отпис на ситен инвентар-автогуми зголемување за 108.705 денари, синтетита 411-ПТТ услуги за 29.821 денар, синтетика 419 останати услуги за 717.265 денари, на синтетитка 420 вкалкулирани бруто плати за 2.179.808, синтетика 449 останати трошоци од работењето 125.267 денари. Другите синтетички конта во однос на ланската година или останале исти или бележат мал пад. Генерално, зголемувањето на расходите во однос на ланската година се должи на зголемувањето на минималната плата. Амортизацијата на постојаните средства е пресметана во согласност со сметководствената политика на друштвото, со примена на праволиниска метода со примена на годишни амортизациони стапки утврдени со номенклатурата на средствата за амортизација и тоа:згради 2,5%, моторни возила 25%,

компјутери 25% и мебел и опрема 10-25%

Во вториот дел на Извештајот е презентиран процентот на наплата, кој е на задоволително ниво 84%. Процентот на наплата кај правните лица е 94%, а кај физичките 92-93%.На крајот на овој извештај се наоѓаат податоци за ненаплатените побарувања во вкупен износ 5.985.040 денари. Вкупните обврските на ентитетот се 68.321.070 и имаат тенденција на пораст во однос на лани, најголемо е кај синтетика 210, потоа 220, 230 тековни даночни обврски, 240 обврски за личен доход.

Трет дел од извештајот се парични текови, каде има зголемување за 1.025.844 во однос на ланскиот трет квартал. Доколку имате прашања, повелете рече таа.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Оливера Ташевска која праша која манифестација ја организирало ЈКП бидејќи се зголемени трошоците на ставката 444 во однос на ланската година, каде покрај другите трошоци, пишува и трошоци за манифестации? Исто така кои трошоци се направени на 449-Останати трошоци од работењето бидејќи и тука има зголемување во однос на ланскиот период за 125.267 денари, ме интересира каде баш кај кој трошок од наведените има најголемо зголемување? Оливера Ташевска праша и за ставката 469 останати расходи од работењето каде има зголемување за над 60.000 денари?

Од страна на другите советници беше забележано дека на таа ставка има намалување на расходите, а не зголемување.

Марија Сумрачка рече дека на ова синтетичко конто се трошоците за репрезентација кои не подразбираат само угостителски трошоци, тука се и трошоците направени во продавница за набавка на храна и пијалоци за вработените кои биле ангажирани за време на елементарните непогоди( поплавите) во текот на 2023 година, кои работеле надвор од работното време, прекувремено, а тука се и трошоци направени по повод 8 Март .

Во врска со второто и третото прашање, за споредбенета анализа на ставка 449, М.Сумрачка рече дека ќе достави писмен одговор.

Стефанија Атанасова Јовановски праша зошто има намалување на приходната ставка со реден број 16-приходи од пазарна такса, ланската година биле 960.087, а сега се 895.947 и што тоа значи, на што се должи, дали тоа значи дека и покрај новиот пазар, пазарџиите немаат интерес.

Марија Сумрачка рече дека сигурно се закупени помал број на тезги.

Директорот на ЈКП „Брегалница“ рече дека новиот пазар работи само два месеци и не се наплатени тие средства од закуп на тезги. Затоа не се влезени во овој извештај кој се однесува на 30.09.2023 година и затоа се намалени приходите на таа ставка.

Иван Гоцевски му се обрати на претседателот и рече:„ништо од толку фалениот пазар, претседателе“.

Претседателот на Советот рече дека не е баш така, не е исто да си на отворен пазар, на дожд, ветар и сонце и да си на покриен пазар и граѓаните тоа го осеќаат. Приливите на јавното претпријатие се сосема друга работа. Ако е Ваш став дека не треба да има затворен пазар и да се пазарува на отворен пазар, кажете го јавно ваквиот став, рече претседателот на Советот.

Иван Гоцевски рече дека тоа е надвор од дневниот ред.

Претседателот на Советот рече дека тој го прозвал лично и затоа тој одговорил и потенцираше дека ставот на СДСМ и коалицијата е дека граѓаните на Делчево заслужуваат да имаат и нов градски пазар, нова детска градинка, нова градска капела и многу други нови објекти и тоа веќе е реалност, за разлика од другите советници и другите политички партии кои не го

промовираат тоа и сакаат да кажат дека не се потребни тие објекти.

Тони Стоименовски рече дека во вториот квартал ЈКП „Брегалница“ покажало негативен финансиски резултат околу -289.000 денари. Сега во овој квартал прикажува позитивен финансиски резлултат +317.059. Моето прашање е дали се реални бројките во извештаите и дали Вие стоите зад овие бројки, бидејќи во вториот квартал од вода имате 9.708.600 денари, а сега прикажувате 15.923.286 денари како приход од вода и ненаплатени побарувања 6 милиони денари, рече Т.Стоименовски.

Марија Сумрачка рече дека нормално дека бројките се точни и дека таа не смее да прави било каков фалсификат во финансиските извештаи. Таа го праша советникот дали зборува за приходи од фактурираната вода или процентот на наплата.

Тони Стаменковски рече дека ќе достави писмено прашања и ќе бара писмен одговор.

Ели Ризова Ангеловска побара одговор од образлагачот колку од приходи од вода за пиење се приходи од правни лица, а колку од физички лица и исто така од приходите од канализација-колку се од правни лица, колку од физички лица?

Марија Сумрачка рече дека од вкупните 15.923.286 денари од правни лица се 2.434.108 и од физички лица 13.489.177 денари. Од приходите од канализација во вкупен износ 5.250.148 денари, 913.040 се од правни лица и 4.337.107 се од физички лица.

Ели Ризова Ангеловска рече ако се погледне табелата со приходи под редните броеви, 20, 21,28, 33 и 34 ќе се забележи дека нема воопшто или има минимални приходи. Дали ова треба да значи дека некој ги злоупотребува овие средства, ако се земе предвид информацијата што ние ја имаме како советничка група, а тое е дека механизацијата на ЈКП „Брегалница“ постојано е на терен и ги врши тие услуги (разбивање на бетонска плоча со ископ и транспорт, машинско сечење на асфалт)?

Процедурално реагираше Кирил Тренчевски кој рече дека има забелешка која се однесува на тоа што координаторот на Советничката група на ВМРО ДПМНЕ постојано им сугерира на советничките кога поставуваат прашања и ги насочува да бараат одговор од директорот на ЈКП и покрај тоа што има друг образлагач на оваа точка. Ова не се случува првпат, напротив постојано се случува и не е во ред, рече тој.

Иван Гоцевски се повика на одредбата во Деловникот која се однесува на присуството на раководните лица на институциите на седниците на Советот според кој советниците имаат право да поставуваат прашања на директорите ивраководителите.

Претседателот на Советот рече дека тоа не е воопшто спорно, директорот е тука, но советникот кој има збор и кој поставува прашања може да побара одговор од директорот или образлагачот, не е коректно да се дофрла од место или во негово име тоа да го бара некој друг.

Марија Сумрачка рече дека приходи од рачен ископ на ров нема бидејќи немало такви ископи, било машински ископ.

Претседателот на Советот рече дека ЈКП „Брегалница“ постојано се опремува со нови машини и механизација и затоа копањето е повеќе машински, нема рачен ископ и затоа нема приходи од рачен ископ.

Оливера Ташевска праша зошто има зголемување на ПТТ услугите, ставка 411 за 30.000 денари во однос на ланскиот период, и услови кога претпријатието постојано бара покачување на услугите. Зошто мора да се зголемат трошоците за ПТТ услуги, праша таа.

Марија Сумрачка рече дека тука се зголемуваат трошоците бидејќи имаат 6 нови кориснички броја со телефоонски апарати за потребите на Проектот за водоснабдување за кои се плаќа 420 денари без ДДВ месечно, како и за очитување на водомерите.

Сашко Ивановски имаше прашање до директорот кое се однесува на тоа што е преземено и што ќе се преземе за наплата на ненаплатените фактурирани побарувања од домаќинствата

4.783.676 и 1.117.905 од фирмите, бидејќи ако се направи анализа ќе се види дека секое петто семејство и секоја петта фирма не плаќаат вода? Што е причината за нередовното плаќање на сметките и што е преземно или што ќе преземете во иднина, праша тој?

Директорот рече дека овие податоци  за процентот на наплата се во моментов на изготвувањето на извештајот, а сметките за претходниот месец биле изготвени, но се уште не биле разнесени. Процентот на наплата секогаш се движи од 92 до 94%.

Иван Гоцевски рече дека согласно член 195 од Деловникот има прашања до директорот и тоа:

1. Дали позитивниот финансиски резултат на претпријатието ќе ги покрие новите вработувања кои се планираат со Измената на Годишниот план за вработување?

2. Зошто и покрај тоа што сте оствариле финансиска добивка во овој квартал ќе се задолжувате кај деловните комерцијални банки со 2 милиони денари?

Претседателот на Советот рече дека директорот ако сака може да одговори на прашањата на седницата,  но не мора бидејќи Годишниот план за вработување не е на дневен ред се уште. Годишниот план за вработување е седма точка и тоа е предлог, не знаеме дали ќе биде усвоен или не, разговараме за Деветмесечен извештај, а поставуваме прашање за Измена на Годишен план за вработување, рече тој.

Директорот на ЈКП „Брегалница“ рече дека за  деветмесечниот извештај има образлагач и сите прашања во врска со извештајот, треба да бидат поставени до него и дека директорот е образлагач на други две точки.

Кирил Тренчевски упати благодарност за исцрпното излагање на образлагачот на Деветмесечниот извештај и го пофали работењето на ЈКП кое во овој извештај покажало позитивен финансиски резултат. Советниците од ВМРО ДПМНЕ поставиле повеќе прашања до образлагачот кои биле одговорени, еден од нив побарал истата точка да се симне од дневен ред бидејќи не бил усвоен шестмесечниот извештај и  рекол дека  советниците го кршат Деловникот бидејќи го разгледуваат деветмесечниот извештај, а претходно не бил усвоен шестмесечниот извештај. На прашање од претседателот на Советот, кој член од Деловникот се крши, не дале одговор, било кажано дека во текот на расправата ќе го кажат тој член, но се уште го немаат кажано, рече тој.

Сашко Ивановски рече дека ЈКП има обврска 30 дена по завршувањето на кварталот да го достави до Советот извештајот за работа. Ова е извештај за работата на ЈКП заклучно со 30.09.2023, сега е 29 ноември, цел месец доцни овој извештај, рече тој.

Кирил Тренчевски рече дека можело да се постави кратко и јасно прашање-зошто се доцни со Деветмесечниот низвештај, а не да се кажуваат паушални работи, дека се крши Деловникот за работа. Не постои таков член во Деловникот на кој Вие се повикувате, рече К.Тренчевски.

Иван Гоцевски рече дека е прекршен член 195 од Деловникот кој гласи: *„Раководните лица имаат право и должност да учествуваат во работата на  седниците на Советот, кога на тие седници се претресува предлог на акт со кој се уредуваат прашања што се однесуваат на јавните служби, установи и претпријатија, со кои тие раководат или друго прашање кое се однесува на областа од нивниот делокруг.*

*На седниците на Советот, раководните лица даваат известувања и објаснувања за прашањата што се разгледуваат, а се должни, по барање, да даваат такви известувања и објаснувања и по писмен пат“.*

Тој рече бидејќи директорот е тука присутен, тој побарал да му даде одговор на прашањата.

Претседателот на Советот рече дека прашањата кои ги поставил не се во врска со точката на дневен ред и затоа тој реагирал. Тој рече дека не го прекршува Деловникот и дека мора да интервенира кога советниците не се придржуваат на дневниот ред.Имено согласно глава 5 од Деловникот-Одржување на редот на седницата  тој истакна дека согласно член 71 за одржување на редот на седницата се грижи претседателот. Согласно член 72 -За повреда на редот на

седницата, против членот на Советот кој го повредува редот може да се изречат следните мерки: опомена, одземање на зборот и оддалечување од седницата. Изречените мерки се внесуваат во записникот на седницата. И согласно член 73 -Опомена ќе му се изрече на членот на Советот кој во своето излагање се оддалечува од дневниот ред, кој со своето однесување, со земање збор кога претседателот не му дал збор, со упаѓање во збор, или со слична постапка го нарушува редот на седницата и одредбите на овој деловник.

Тој истакна дека се случува многупати советниците да не дискутираат по точката на дневен ред и тој мора да интервенира, тоа е и негово право, но и должност, мора да го одржува редот на седницата. Никогаш нема да прекинам било кој советник кој дискутира по дневниот ред или да му го одземам зборот иако го имам тоа право. Сите ја знаете мојата толерантност и демократски капацитет, рече претседателот на Советот.

Кирил Тренчевски побара претседателот да даде пауза бидејќи на седницата имало лице кое ги снима советниците и самата седница.

Беше дадена кратка пауза во кој лицето кое беше присутно на седницата ја достави до претседателот на Советот својата акредитација.

Иван Гоцевски рече дека ако се погледне делот на приходи од вода за пиење и од одведување на урбани води, ќе се забележи дека истите се зголемени во однос на истиот период ланската година. Тој го праша директорот која менаџерска алатка ја применил па приходите од вода за пиење и приходите од одведување на урбани отпадни води се зголемени?

Директорот на ЈКП „Брегалница" Делчево рече дека зголемувањето на приходите од вода за пиење и приходите од одведување на урбани отпадни води зависат од повеќе параметри се зголемени како резултат на покачувањето на цената на овие услуги кои биле во рамките на цените утврдени во Решението на регулаторната комисија за справување со економската криза, но и од потрошувачката на вода која секогаш е поголема во летниот период.

Иван Гоцевски рече дека главна причина за зголемувањето на приходите од вода и од одведување на отпадни води е покачувањето на цената на тие две услуги и дека негова претпоставка е дека за тоа биле предложени и двете точки за зголемување на цената на тие две услуги. Тој рече дека ако се погледне ставката 402 од расходите ќе се види дека кај трошоците за електрична енергија, горива и мазива има драстично намалување на расходите, не се толку големи како ланската година, а сепак биле понудени две одлуки за зголемување на цените на услугите на ЈКП „Брегалница". Тој го праша директорот зошто се бара зголемување на водата кога трошоците за електрична енергија, горива и мазива се намелени во однос  истиот период ланската година?

Претседателот на Советот рече дека и ова прашање не е по точката од дневен ред, односно нема точка за зголемување на цената на водата, тргнати се двете точки, рече тој.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА" и 7 „ПРОТИВ", Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Деветмесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница"-Делчево за период 01.01.2023-30.09.2023.

**Четврта точка-Предлог-Одлука за давање согласност на Одлуката за задолжување кај деловните комерцијални банки со одобрен износ на дозволено пречекорување во висина од 2.000.000, 00 денари;**

Оваа точка ја образложи Стојче Стојковски-Директор на ЈКП „Брегалница"-Делчево кој рече дека Управниот одбор на ЈКП „Брегалница" како орган на управување  на својата последна седница донел Одлука за задолжување кај деловните комерцијални банки со одобрен износ на дозволено пречекорување во висина од 2.000.000, 00 денари. Имено,причината за донесувањето на  таа одлука е тоа што ЈКП има неизмирени обврски кон економскиот оператор кој ги врши сите работи поврзани со Проектот за водоснабдување и економските оператори од кои се набавуваат средствата за прочистување на водата и резервни делови,  на ЈКП му недостасуваат некаде околу 1 милион денари. Имајќи предвид дека јавните набавки се на

почетокот на годината, односно првиот и вториот квартал, имајќи предвид дека трошоците на ЈКП секогаш се поголеми на почетоот на годината, и имајќи ја предвид и финансиската состојба на претпријатието, директорот и Управниот одбор на ЈКП „Брегалница“ се одлучиле на овој чекор, односно на задолжување кај деловните комерцијални банки со одобрен износ на дозволено пречекорување во висина од 2.000.000, 00 денари. Средствата од ова задолжување ќе бидат наменети строго за измирување на обврските кон овие 3 оператори од кои практично и зависи нормалното функционирање и работење на претпријатието, рече директорот.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Иван Гоцевски кој рече дека директорот истакнал дека со овие 2 милиони денари ќе бидат платени фактури кон 3 економски оператори, дали тоа значи дека и ЈКП во иднина ќе има негативен финансиски биланс?

Стојче Стојковски Директор на ЈКП „Брегалница“-Делчево рече дека за да нема негативен финансиски биланс цените на услугите што ги дава ЈКП мора да направи покачување на цените на своите услуги. Речиси 89% од вкупните приходи на ЈКП одат за плата на вработените, ставката за плати, поради покачувањето од 10% што е по закон и Колективен договор, е покачена речиси за 900.000 денари и ќе генерира дополнителни 300.000 месечно, а цената на собирање и транспорт на комунален отпад е непроменета од 2009 година. Без покачување на цените до крајот на годината се очекува загуба од 600.000 денари.

Иван Гоцевски праша дали не може да се крати на некои непродуктивни конта/ставки, на пример на репрезентации (потрошени околу 3000 евра), или некои други ставки каде може да се скрати за да не  дојде ЈКП во ситуација да не може да го врати долгот. Да не се трошат парите недомаќински и неодговорно и да не дојде ЈКП во претпријатие некој друг после да го враќа овој долг?

Директорот на ЈКП „Брегалница“ истакна дека тој кажал дека парите од задолжувањето ќе бидат користени строго наменски-за плаќање на фактури на 3 економски оператори, така стои и во Записникот од седницата на Управниот одбор и може на вас како на Совет да се достави извештај за потрошените средства од кредитот-за што биле потрошени, рече тој.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за задолжување кај деловните комерцијални банки со одобрен износ на дозволено пречекорување во висина од 2.000.000, 00 денари;

**Петта точка-Измена на Годишен план за вработување на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2023 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач и по оваа точка беше Стојче Стојковски-Директор на ЈКП „Брегалница“-Делчево кој  рече дека пред почнувањето на седницата од негова страна до советниците бил доставен материјал кој се однесува на корекции на технички грешки во самиот материјал кој претходно бил доставен до советниците. Имено, кај  работно место со редниот број 10 наместо шифрата 0102 треба да стои 0305, исто така и кај работното место со реден број 11 наместо шифрата 0102 треба да стои 0305 како што сои и во Систематизацијата. Значи на тие две работни места машински инженер и лаборант има техничка грешка во шифрите, додека описот и звањето се во ред. Исто така од страна на изготвувачот на планот, направена е грешка и во последаната Табела од Измената на ГПВ за 2023-Планирани трошоци за плата кај работните места со реден број 9,10,и 11 треба да стои кај сите 356.400, а не 242.000 денари. Тие технички грешки се отстранети и коригирани. Во продолжение директорот ги презентираше работните места на кои се бараат измени, а се однесуваат на нови вработувања.Под реден број е стои водоинсталатер на градски водовод, тоа е работна позиција за која се бара соодветно средно образование, бараме измена во делот на образование наместо соодветно средно образование да стои основно образование, исто бараме и за работната позиција под реден број два. Работната позиција под реден број 9-раководител на механизација и возила се брише и се додаваат 3 нови работни позиции, со редни броеви 9,10 и 11. Тоа се работни места кои согласно Проектот за

водонабдување и Меѓународниот договор склучен помеѓу Владата на РСМ и Швајцарската влада, ЈКП „Брегалница“ има обврска за стручно екипирање на вработените и вработување на едно стручно лице-лаборант за потребите на лабораторијата во Пречистителната станица, за кој треба да се распише јавен оглас. Што се однесува до машинскиот инженер тој веќе е ангажиран во ЈКП „Брегалница“ преку Агенција за привремени вработувања. Моментално, бројот на вработени во претпријатието е 76 на неопределено плус 10 на определено време. Фактички само едно лице ќе биде вработено-лаборант. Во Табела број 4 се дадени планираните испразнувања на работни места по основ на пензионирање и истите сега засега нема да се пополнуваат додека претпријатието не излезе од оваа состојба, рече директорот на ЈКП „Брегалница“-Делчево.

Претседателот отвори расправа по оваа точка и за збор се јави Оливера Ташевска која праша кое образование е потребно за тие две нови вработувања потребни за Пречистителната станица?

Директорот рече дека и двете се со високо образование што може да се види и од самите шифри.

Оливера Ташевска рече, да со високо образование, ама кој вид на образование, не може машински инженер да биде со медицина, кој вид на образование е потребен за струлниот соработник, праша таа?

Директорот рече дека Проектот за водоснабдување се состои од два дела, градежен дел и корпоративен дел, за зајакнување на капацитетите на претпријатието. Овие двајца, реден пржј 10 и 11 се за одржување на опремата во градежниот дел, број 9 е во корпоративниот дел. Сите тие се имаат свои ментори и со нив соработуваат.

Оливера Ташевска праша дали во ЈП постои вработен-стручен соработник кој може да ја врши работата за да нема нови вработувања?

Директорот рече дека кажал дека нема нови вработувања освен 1, двајца од тие веќе се ангажирани преку Агенција за привремени вработувања. Во ЈП со високо образование има 2 правници и 1 економист, други нема, а реално има потреба од овие места на кои се однесува измената. Исто така тој рече дека истакнал дека бројот на вработени нема да се зголеми бидејќи има и две испразнети места по основ на паензионирање.

Дејан Георгиевски се јави за збор и рече дека доста внимателно го слушал образложеението на директорот за Измените на Годишниот план за вработување во сите делови, особено во делот на планирани нови вработувања каде на работните места под реден број 10 и 11 има направено грешка во шифрите. Исправката е доставена непосредно пред седницата и според него нема доволно време и простор за консултација и анализа за советниците и затоа тој предложи Измените на Годишниот план за вработување на 2023 година, да се даде на гласање без работните места 10 и 11, односно тие да се тргнат, а на наредна седница на Совет да се разгледа Измената на ГПВ без грешки и да биде донесен/усвоен.

Иван Гоцевски се јави за збор и рече дека иако има 86 вработени во ЈП, директорот нема доволно стручни лица и бара нови вработувања. Тој рече дека има конструктивен предлог и му предложи на директорот, за стручните лица за кои бара нови вработувања, да побара помош од градоначалникот на Општината, кој е негов најголем поддржувач во неговата работа, да го реши проблемот со трансфер листа кое е изводливо решение согласно законот за вработени во јавен сектор, нема потреба да барате нови вработувања, рече тој.

Претседателот на Советот рече дека директоро истакнал оти од 92 сега вкупниот број на вработени е намален и е 76 во редовен работен однос и 10 привремено вработени.

Директорот рече дека не го разбрал прашањето на Иван Гоцевски бидејќи тој во својата дискусија постојано се обидува да печали некој политички поен и не го поставил прашањето како што треба и побара И.Гоцевки уште еднаш да го постави неговото прашање уште еднаш.

Иван Гоцевски рече дека директорот може да побара помош од градоначалникот за стручни лица преку трансфер листа и така таму има голема превработеност .

Директорот рече дека согласно меѓународниот Договор склучен мешу нашата влада и Швајцарската влада, заклучно со месец ноември тие вработувања треба да бидат

реализирани.Од Швајцарската влада добиле 9 милиони денари за тој проект и плус 1,5 милиони заизградба на резервоар на место викано „Чука". Како јас ќе им излезам пред очи ако не ги реализирам овие две вработувања, рече Стојче Стојковски.

Претседателот на Советот рече дека предлогот на Дејан Георгиевски е добронамерен, во измените на планот има повеќе грешки и во шифрите, и во делот на платите, и во делот на образованието на некои позиции. Ако се усвои предлогот на Дејан Георгиевски Вие како директор имате 9 работни позиции планирани со Годишен план за вработување за 2023. Воопшто не е точно дека се бараат 11 нови вработувања, како што дискутираат советниците од ВМРО ДПМНЕ. Се додаваат 2 бидејќи мора, проекттите што ги работи со меѓународниот парнер го бараат тоа, значи има реална потреба од машински инженер кој веќе е вработен и лаборант за хемиско-бактериолошка анализа на водата, се со цел подобрување на квалитетот на водата.

„Реално, директоре, Вие имате потреба од стручни лица и никој не е против вработување на две стручни лица, ама во Измените на планот има повеќе грешки, не е само во шифрите, точно е дека исправка е доставена, ама на самата седница и затоа предлогот на Дејан е добар и ќе биде ставен на гласање, рече тој, а овој Годишен план со измените ќе биде усвоен кога грешките ќе бидат отстранети, рече претседателот на Советот".

Иван Гоцевски рече дека никој од Советничката група на ВМРО ДПМНЕ не рекол дека директорот бара 11 нови вработувања, тоа е Ваша констатација, рече И.Гоцевски.

Претседателот на Советот рече дека и на социјалните мрежи Советничката група на ВМРО ДПМНЕ има објава дека ЈКП бара 11 нови вработувања и дека во своите дискусии алудира на тоа.

Иван Гоцевски рече дека едно е објава на социјални мрежи, а сосема друго се седници на Совет и дискусии на седници на Совет

Не треба пред јавноста и граѓаните да се создава „фама" дека ќе се вработуваат нови 11 во ЈКП „Брегалница".

Стефанија Атанасова Јовановски праша од кои средства ќе се обезбедат средства за плати на двајцата нововработени ако ЈКП „Брегалница" бара задолжување за плаќање на долг спрема фирми согласно договорите за јавни набавки?

Директорот одговори дека средствата за плати на двајцата новоработени ќе бидат обезбедени од редовните приходи на јавното претпријатие. Тој рече дека кажал дека раководител на Сектор за механизација е тргнато/избришано од планот, потоа не ги пополнуваме и двете места ослободени по основ на пензионирање (раководител на сметководство и наплата и чувар) за кои имло планирани средства со Годишниот план за вработување кој е одобрен од Советот, односно има согласност

Тони Стоименовски рече дека не е е во ред во „5 до 12" од страна на директорот на ЈКП „брегалница" да се доставуваат исправки на еден куп „технички" грешки во Измените на ГПВ за 2023 година. Вие имате потрошено 180.000 денари за репрезентации, 5-6 милиони ненаплатени побарувања за вода, се задолжувате 2 милиони денари, имате села и повеќе населени места во градот во кои или воопшто нема вода или има постојани проблеми со водоснабдувањто.

„Вие директоре, не ги почитувате принципите наведени во член 2 став 4 од Законот за јавни претпријатија, а тоа се: сигурност во давањето на услугите, континуитет и квалитет на услугата, транспарентност, достапност и универзална услуга, заштита на корисниците и потрошувачите".

На барање на директорот на ЈКП „Брегалница" реагираше претседателот на Советот кој рече дека советникот треба да внимава на својот тон на дискусија, односно да не го покачува. Сите да внимаваат, да нема лични навреди и да се намали тензијата во говорот, апелираше тој.

Тони Стаменковски рече дека тој му се обратил на директорот со зборовите "директоре" бидејќи тој е директор и тоа не е навреда.

Претседателот рече дека сака да апелира до сите присутни да се задржи нивото на дискусија, да нема лични навреди, да не покачува тонот во дискусијата спрема никого. На советникот од Левица му рече дека не треба деструкцијата на оваа политичка партија на централно ниво да се промовира и на локално ниво, особено не на седницата на Советот.

Тони Стаменковски рече дека неговата дискусија воопшто не била навредлива и го праша директорот дали со вработувањео на двете стручни лица ќе се реши проблемот на луѓето од с.Град кои 6 месеци немаат вода? На дневен ред има точки за прогласување заштитни зони, дали Вие знаете дека во близина на бунарите во с.Град има излевање на фекалии, како ќе се реши тоа?

Претседателот на Советот рече дека оваа дискусија на Т.Стаменковски е надвор од темата, односно од точката на дневен ред.

Директорот на ЈКП „Брегалница"-Делчево рече дека дискусијата на Т.Стаменковски не е дискусија, тоа се нафрлувања, небулози,негови лични видувања и констатации кои не се поткрепени со ништо конкретно.

„На вас, господине советник не Ви се познати работите, побарувањата на ЈП од 5 милиони не се од еден месец, тоа се акумулирани побарувања пред 10 години, каде има истекување на фекалии во близина на бунарите за вода-лажете, не е точно. Велите не знам кој што работи, знам за сите 86 вработени кој што работи и колку работи. Овие 2 нови вработувања, по десетти пат повторувам, се бараат со договорот што е склучен за новата Филтер станица, која за Вас е мисловна именка, машинскиот инженер е да ја одржува опремата, а лаборантот е одговорен за исправноста на водата за пиење. Наместо да плаќаме за анализи, тој ќе си ја прави анализата, како не можете да го разберете тоа, рече тој."

До претседателот на Советот, реагираше Тони Стаменковски, тој реагираше на тонот и на дискусијата на директорот и рече дека претседателот претходно реагирал кога тој му се обраќал со директоре, а сега не.

Претседателот на Советот апелираше повторно и до двајцата и ги замоли да се задржи нивото на дискусија . Да има добра работна атмосфера без лични навреди, да има конструктивни и умерени дискусии и предлози, поткрепени со факти и концизни прашања. Сите ве охрабрувам да дискутирате и прашувата ама на ниво. Воопшто нема потреба од негативен набој, театралност, деструкција, рече тој.

Тони Стаменовски рече дека во наскоро време ќе треба да се смени Деловникот на Советот, да се смени наместо „советници" да се напише "гласачи".

Реагираше претседателот дека и тоа не е на дневен ред и е надовор од темата, нема врска со Измените на ГПВ за 2023 на ЈКП „Брегалница". Тој рече:„ Како сте тргнале вие од Левица најверојатно катанецот кој беше оставен за градоначалникот, најверојатно ќе треба да го искористат за вашите политички штабови. Со ваквата Ваша деструкција, најверојатно до тоа ќе дојде. Нема да дозволам како на централно ниво што правите, да правите и тука, крешење говорници, чукање со чевел, со катанци, не, нема да дозволам", рече тој.

Иван Гоцевски побара пауза.

Претседателот даде пауза од 5 минути.

По паузата, процедурално за збор се јави Оливера Ташевска која рече дека не сака претседателот да је прекинува. Таа истакна дека нејзината дискусија не во врска со точката на дневен ред, но сакала да каже дека прашањата што тие ги поставуваат, а претседателот реагира дека не се поврзани со точката на дневен ред. Тоа се прашања кои граѓаните кои ги избрале советниците ги доставуваат до нив и сакаат да добијат одговор на истите. Таа рече дека тие затоа се советници, да работат во интерес на граѓаните. Многу често се случува во текот на седницата да добијат прашање од некој граѓанин, преку социјалните медиуми и бараат прашањето да се постави веднаш до градоначалникот или некој директор, за проблемот со немањето вода, таа рече дека да се нема вода во 21.век е непимливо, нема што да се дискутира.

Претседателот на Советот рече дека овој состав на Советот се речиси 3 години советници и веќе треба да се има ред во се. На секој, па и на оваа седница има дневен ред, кој е утврден и секој од советниците треба тоа да го знае. Не може во секој момент кога некој ќе ви напише на социјалните мрежи, Вие да го поставувате тоа прашање, а во исто време тоа нема никаква врска со точката на дневен ред. Ако се разговара за буџет, не може да зборуваме или да прашуваме за вода или канализација во некое населено место. На секоја седница има прашања и предлози на членови на Совет, на оваа седница тоа е последната точка. Оваа насока Ви ја давам веќе по

третпат, лично на Вас како советник, мора да научите дека збор се зема и се добива за конкретна точка која е на дневен ред. Сите прашања кои граѓаните ги поставуваат преку Вас, дали на мејл, дали преку социјални мрежи, или на било кој начин, ќе ги поставите на крајот, на 14.точка. Ама Вие тогаш не земате збор, туку ги доставувате писмено, а сега по секоја точка на дневен ред уфрлувате 8 други теми и затоа седниците и дискусиите се оддолжуваат до бескрај и не сме продуктивни. Граѓаните не мора да знаат како и на кој начин се поставуваат прашања, ама ние како советници и Вие како советник треба и мора да знаеме, треба да знаете кога, како и до кој да го насочите прашањето. Ако се разговара за буџет, се раговара за бројки и цифри, а не за бунарот во с.Град. Никој не Ви забранува да земете збор, проблемите на граѓаните се и наши и ние треба да ги кажеме и да бараме нивно решение ама под точката прашања и предлози и на начин како што е уредено во Деловникот-кратко, прецизно, јасно и да се знае до кој е пиставено за да може да се даде одговор, истакна претседателот на Советот.

Оливера Ташевска рече дека нејзиното прашање било до директорот, а се однесувало на тоа зошто во некои населени места нема вода.

Претседателот на Советот рече дека мора повторно да ја прекине советничката бидејќи директорот на ЈКП „Брегалница" бил присутен на седницата како образлагач на точката измена на Годишниот план за вработување на ЈКП и тоа нема врска со водата. Ставете се во фунција на било кој образлагач, сте се спремале за една или две теме, а 15 советници си поставауваат прашања за друга тема, како ќе Ви биде на Вас? Нормално дена нема да бидете спремни бидејќи Вашата концентрација е на сосема друга тема.

Оливера Ташевска рече дека таа го поставила тоа прашање бидејќи граѓаните сакале директорот јавно да даде одговор на ова прашање.

Претседателот на Советот рече дека ако тоа го дозволи тоа значи тој да го злоупотреби Законот, Статутот и Деловникот за да може советничката да му постави прашања од уште 10 други теми и рече дека тоа нема да го дозволи.

Процедурално реагираше Кирил Тренчевски и рече дека од седницата на Советот се направил хаос. Сите ние сме тука советници и треба да дискутираме по точките на дневен ред, а не да ги следиме социјалните мрежи и да дискутираме за нив и затоа и после ќе лутаме со прашања, рече тој.

Оливера Ташевска рече дека таа не ги следи социјалните мрежи туку граѓаните ја следат седницата на социјалните мрежи.

Претседателот на Советот рече дека тоа е добро, граѓаните да ја следат седницата ама граѓаните не мора да знаат што е Деловник, Статут, Закон за локална самоуправа и како треба да тече седницата, ама советниците треба да знаат. Очигледно дека не знаете. Штом јас како претседател сум ставен во ситуација третпат да Ви кажувам дека не може така, очигледно дека не знаете.

Иван Гоцевски се јави за збор и рече образлагачот веќе не е тука, а претседателот се расправа речиси со сите советници и затоа сака јавно да го праша директорот на ЈКП „Брегалница"-за каков квалитет на услуги станува збор и побара писмн одговор.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена и на гласање беше ставен предлогот на Дејан Георгиевски за бришење на работно место со реден број 10 и реден број 11 од Измената на ГПВ за 2023 на ЈКП „Брегалница"-Делчево.

Со 8 гласа „ЗА" и 6 „ВОЗДРЖАНИ", против нема, Советот на Општина Делчево го усвои овој предлог

На гласање беше ставена Измената на ГПВ на ЈКП „Брегалница" за 2023.

Со 8 гласа „ЗА" и 7„ПРОТИВ", Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на ставена Измената на ГПВ на ЈКП „Брегалница" за 2023.

**Шеста точка- Предлог-Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2023 година;**

Образлагач по оваа точка беше Горан Петровски-Советник за урбанизам и енергетска ефикасност кој им се извини на советниците за грешката направена во материјалите кои биле

доставени до нив, имено била доставена измена на оваа Програма која веќе поминала на една од претходните седници.

Тој рече дека е направена корекција и коригираната Програма заедно со скицата/графичкиот прилог е доставена до сите членови на Советот. Имено, во Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2023 г бр. 09-2706/1 од 26.12.2022 година се врши следната дополна:

Во Глава Б (Урбанистички проекти) во точка 7 (Донесување – одобрување на урбанистички проекти согласно член 58 и член 63 од законот за Урбанистичко планирање) после подточката 7.29 се додава нова подточка :

Подточка 7,30 која гласи : Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура Е1.8 – Водови за пренос на електрична енергија - Каблирање со 10 (20)кВ кабел, делница од ТС 10/0,4 КВ Остоиќ на КП бр.2318/2 КО Делчево до столб бр 8251 3420 (влез на село Габрово) Општина Делчево.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи икој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општиона Делчево ја донесе Програмата за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2023 година.

Седма точка- Предлог-Одлука за определување на заштитни зони, заштитни мерки и други услови за водите наменети за консумирање од страна на човекот околу експлоатациони бунари на локација во Делчево;

Образлагач по точките 7,8 и 9 беше Татјана Стојковска- Виш соработник за заштита на животната средина и комунална инфраструктура која го замоли претседателот за сите точки да даде единствено образложение што и беше дозволено од страна на претседателот.

Таа истакна дека со овие одлуки одлука се утврдува потребата од определување на границите на заштитни зони, заштитни мерки и други услови за водите наменети за конзумирање од страна на човекот и тоа за три локации во Делчево и околината и тоа: локација околу експлоатациони бунари на локација во Делчево, потоа за акумулација „Лошана“ и околу експлоатациони бунари на локација во с. Тработивиште.Границите на заштитните зони за водни тела наменети за конзумирање од страна на човекот ги определува Владата на РСМ на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на здравството и министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

За сите три одлуки се задолжува Општина Делчево да достави **Елаборат** за одредување на границите на заштитните зони, заштитните мерки и други услови за водите наменети за консумирање од страна на човекот околу експлоатациони бунари на локација во Делчево, како и **Барање** до Министерството за здравство на РСМ кое согласно законот е надлежно за започнување на постапката за определување на заштитни зони околу водните тела наменети за консумирање од страна на човекот околу експлоатациони бунари на локација во Делчево.

Осма точка-Предлог-Одлука за определување на заштитни зони, заштитни мерки и други услови за водите наменети за консумирање од страна на човекот за акумулација „Лошана“;

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Тони Стаменковски кој рече дека овие одлуки се добри, но ја праша пбразлагачот зошто никаде немаат спомнато за с. Град каде до пумпата тече фекална канализација, а луѓето немаат вода 6 месеци.

Татјана Стојковска рече дека овие одлуки се донесуваат за потребите на Пречистителната станица. За с.Град не е изготвена таква одлука бидејќи водоводот е преотстапен на користење на ЈКП „Брегалница“ и тие треба да поднесат барање за заштитни зони, тоа е нивна обврска.

Иван Гоцевски рече дека ваквите одлуки се добри и дека Општина Делчево треба да направи елаборати за повеќе вакви зони, на пример за селските чешми.

Татјана Стојковска рече дека предлогот е добари прифатлив, но станува збор за скапа инвестиција.

Иван Гоцевски предложи да се направи и елаборат за „Лошана" бидејќи браната е без надзор повеќе од 6 месеци.

Татјана Стојковска рече дека таму треба да има задолжителна чуварска служба.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", истата беше усвоена.

**Деветта точка**- Предлог-Одлука за определување на заштитни зони, заштитни мерки и други услови за водите наменети за консумирање од страна на човекот околу експлоатациони бунари на локација во с. Тработивиште;

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", истата беше усвоена.

**Десетта точка- Предлог-Одлука за формирање на Совет за соцојална заштита на Општина Делчево;**

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", истата беше усвоена.

Образлагач по оваа точка беше Сузана Петровска-Советник за инфоматвен систем и вработување и човечки ресурси која истакна дека овој Совет за социјална заштота еднаш веќе бил формиран но бидејќи им истекол 4-годишниот мандат на членовите потребно е да се донесе нов, согласно член 11 став 1 алинеа 4, член 141 и член 142 од Законот за социјалната заштита. Истиот брои 15 члена и се формира за остварување на дејноста на социјалната заштита во Општина Делчево и развивање на локални мерки и активности за социјална заштита согласно Законот за социјалната заштита, се формира Совет за социјална заштита на Општина Делчево. Во членот 2 од самата одлука се дадени сите 15 членови на Советот како и институцијата од која доаѓаат. Ако имате прашања, повелете, рече таа.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Оливера Ташевска која рече дека во Советот за социијална заштита колку што можела да забележи нема претставници од руралните средини.

С.Петровска рече дека во член 142 од Законот за социјалната заштита точно се наведени институциите од кои треба да се номинираат членовите на овој совет и секоја институција си има номинирано свој член, сега дали од нив некој е од рурална средина, немам информација, рече таа.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за формирање на Совет за социјална заштита на Општина Делчево.

**Единаесетта точка-Предлог-Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година;**

**Образлагач** и по оваа точка поднесе Ана Ситновска Димитровска-Одговорен сметководител која истакна дека во ребалансот којшто бил усвоен на претходната седница, направена е техничка грешка од страна на сметководителот на детската градинка и на сметката за наменска дотација , имено средствата од 90.000 денари се ставени наместо на 402110 на 401130 и поради тоа се предлага донесување на оваа одлука.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево донесе Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година.

**Дванаесетта точка-Прашања и предлози на членови на Совет.**

**Иван Гоцевски, до градоначалникот**

1.Дали Општина Делчево има избрано лиценцирана фирма што извршува шинтерска служба со која има склучено Договор и доколку има зошто истата не си ја врши својата работа, а граѓаните се приморани секојдневно да се соочуваат со глутница кучиња насекаде низ градот?

2. Предлог до Градоначалникот да се обезбедат средства за награда на дечиња Роми кои учествуваат на 9-тата конвенција на ОБСЕ.

**До Градоначалник на Општина Делчево**

1. Како си поминавте Вие и вашата дружина на Октобарфест во Германија и дали за истата е платена со пари од касата на Општина Делчево? Ве замолуваме за да исчезне сомнежот во јавноста дека тие платиле за вашите ќефови истото да го потврдите со докази дека не е така?

2.Дали е точно дека сеуште нема надоместок за нашите пожарникари за пожарите и поплавите кои ја погодија територијата на нашата општина?!

3.Колку пари им се должи на пожарникарите?!

4.Дали овие луѓе ќе заслужат 13 та плата?!

5. Дали е точно дека нашите пожарникари сами си обезбедуваат кондури и панталони за на работа?!

6. Кога последен пат е набавена било каква противпожарна опрема за вработените во ТППЕ Делчево со средства од Буџет на Општина Делчево?!

**Иван Гоцевски, до градоначалникот и Шабан Багашов**

1.На мое советничко прашање кое гласи:„ На кој правен субјект се исплатени 14 милиони денари по основ на камата од средствата кои ѝ беа доделени на општина Делчево од страна на Владата на РСМ за раздолжување?“од страна на раководителот на Секторот за финансии, Шабан Багашов имам добиено одговор со арх.бр.09-1994/2 во кој меѓу другото стои дека мора да има исплатено камата. Имаме информација дека од страна на Министерството за финансии е вршено ревизија на Општина Делчево за финансиските средства дадени како помош од Владата на РСМ за раздолжување и дека 14 милиони денари имате вратено назад. Ако тоа е точно дали сметате дека тоа се многу пари за една општина како Делчево кои наместо за проекти на граѓаните на општина Делчево, Вие сте ги вратиле назад на државата?

2. Како си поминавте на вашите целодневни седенки во Фук – Так во Дојран и дали за да не падне сомнеж во јавноста можете да докажете дека исто не паѓа на сметка на граѓаните на Општина Делчево?

**Предлог до секретарот на Општина Делчево, Биљана Прачкоска**

1. Согласно Законот за административни службеници во членот 94 е предвидено надоместок за успешност во работењето со кој на административниот службеник кој е оценет со годишна оценка А му се доделува надоместок во видина на платата примена во последниот месец од годината за која се вршело оценувањето. За овој надоместок одлучува секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, врз основа на предлог од непосредниот раководител. Имајќи го предвид тој факт, како и фактот дека досега имате дадено предлог и доделено 2-3 награди за успешност во работењето на неои административни службеници, бараме, односно даваме предлог да доделите награда на сите вработени во општина Делчево кои се оценети со оценка А.

**Иван Гоцевски, предлог до градоначалникот и Секторот за урбанизам**

1. Одредување на локација и изградба на паркинг простор во населба Расадник во близина на детската градинка ( која е во градба).

2.Одредување на локација и изградба на детско игралиште во населба Расадник.

**До директор на ЈЛБ „Илинден“ Делчево**

1. Да достави директорката на ЈЛБ „Илинден" согласност од родителите дека таа има дозвола да ги фотографира и објавува малолетни деца на социјалните мрежи.

До директор на СОУ „М.М.Брицо"-Делчево

1.Зошто не се изработи ПРОТОКОЛ за облекување ,како во другите гимназии, кој реално чини нула денари?!

2.Дали со носењето на исти блузи навистина ќе се намали класната разлика кај децата, кои да не заборавиме дека се заедно уште од градинка и многу добро се знаат меѓу себе?!

3.Дали децата се разликуваат само по горниот дел од облеката или и по фармерките, тренерките, патиките и телефоните?!

4.Зошто да не се работи на надминување на проблемите кај младите лица каде што ќе се забележат, преку разговори со соодветна стручна служба?!

5.Зошто во периодот на рана адолесценција средношколците немаат училишен психолог за соодветна стручна помош?!

6.Дали целта на униформите е да го заменат психологот?

7.Зошто сите овие прашања водат кон сомнежот на родителите дека некој многи добро профитирал од сето ова?!

8.По реакции од родители кои делумно си ги платиле униформите, ни алармираат дека децата сеуште не ги добиле иако нивни сокласници веќе ги носат?!

9.Од надлежните добиле одговор дека ќе се чека да се сошијат поголеми броеви?!

10.Прашуваме дали е вистина дека децата сами си пишувале величина за нарачка на блузите а се ориентирале по примерок од блуза од машки модел М величина?!

11.Дали во Делчево, кој важи за град на текстилната индустрија, не се најде фирма која ќе ги изработи униформите, па мораше да биде тоа фирма од Штип?!

12.Зошто не се стави во опција искористување на потенцијалот во текстилните паралелки од самото училиште за постепена изработка на вакви или слични униформи, имајќи во предвид дека со тоа ќе се зголеми и практичното усовршување на учениците?!

13.Дали во време на социо-економска криза овие дополнителни трошоци за родителите беа неопходни?!

14.Зошто сите овие прашања водат кон сомнежот на родителите дека некој многи добро профитирал од сето ова?!

15.На кој начин и од чија страна било утврдено дека учениците треба да носат ученички униформи?,

-на кој начин, од кого и дали била спроведена транспарентна постапка за прибирање на понуди за набавка на униформите?,

-Од кој добавувач и по која цена се набавени униформите?,

-на кој начин биле прибирани парите за набавка на униформите и на кој начин биле исплаќани на сметка на добавувачот,

-дали сумата која е плаќана е реална и дали сите ученици имале пари да платат за униформите,

17.Зошто не е спроведена поевтина варијанта како што пред неколку години предлагаше поранешниот директор на гимназијата да се набави соодветен материјал а учениците во рамки на текстилната струка сами да ги сошијат униформите што би било многу поевтино и со поголем однос на одговорност на учениците кон своите униформи???

18. Дали се точни гласините кои стасуваат до нас од страна на незадоволни родители дека во реализираната екскурзија за ученици од 3 та година од учебната 2022/2023 година има сомнеж за низа нерегуларности и голем број на нереализирани посети кои биле претходно предвидени од ваша страна, а платени од родителите на учениците?

19.Јавно ја прашуваме директорката на СОУ "Методи Митевски-Брицо" Делчево, дали се точни информациите кои стасуваат до нас, дека по нејзин налог во текот на вчерашниот ден редовните наставни активности кои се одвивале во спортската сала која што е во склоп на гимназијата била прекината?!

20.Доколку е точно, кој е толку важниот настан кој што морал да се случи во спортската сала за таа лично да се вклучи наставата на нашите гимназијалци да биде прекината?!

21.Дали смета дека никој нема право да им го ускрати образовниот процес на нашите ученици?!

22.Дали смета дека делчевската гимназија полека но сигурно ја претвара во приватна установа за поединци?!

23.До каде е судскиот спор кој што се води/ше против директорката и делчевската гимназија за дозволата во спортската сала на гимназијата да биде организирана партиска трибина на СДСМ, минатата година?!

**До директор на „ Весели Цветови“**

1. Дали Директорката на ОЈУДГ ,,Весели Цветови” смета дека затварањето на клонот во с.Разловци е нејзиниот најголем неуспех како директор на оваа институција, а со кој помпезно се фалеше во јавноста?

2. Сметате ли дека е коректно кон граѓаните да потрошите нови над 1 милион денари за партиски вработувања во ОЈУГД ,,Весели Цветови” ?

**Сунчица Ѓорѓиева, барање од група граѓани од с.Град**

1.Да се изврши чистење на речното корито на реката во с.Град?

2. Да се уредат 2-3 улички во селото кои се по 50-60 метри со бекатон.

**Зекир Абдулов, до градоначалникот**

1. Ова прашање е поставувано 2-3 пати досега, еднаш има добиено одговор дека ќе се реши проблемот, ама ете до ден денешен не е решен. Се работи за поставување улично осветлување (барем една светилка) на ул. „Видое Смилевски Бато“, на потегот кај Текето. Во прилог има потпишано Петиција со потписи од граѓани кои живеат таму.

Записникот го водела
Снежана Трајкова

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов